# ЛС КонвертМак® в4.0

*Конвертор за документи во Word*

ЛСКонвертМак в4.0 е додаток за Microsoft Word 97/2000/XP/2003/2007 којшто можете да го користите ако работите на оперативен систем Microsoft Windows 98/Me, Microsoft Windows NT 4.0 /2000/XP/Vista и имате инсталирано македонска поддршка.

Со преземањето на овој производ од Интернет Вие се сложувате се одредбите во Договорот со корисникот.

- Општи информации
- Договор со корисникот
- Инсталирање на ЛС КонвертМак
- Користење
- Дополнителни информации за Логин Системи
- Превземање на ЛСКонвертМак в4.0

### *Општи информации...*

ЛС КонвертМак в4.0 е додаток за апликацијата Microsoft Word 97/2000/XP/2003/2007, која ќе Ви овозможи документите кои Ви се форматирани со кирилични фонтови да ги преформатирате, така да бидат напишани со оригиналните фонтови на Microsoft со македонска поддршка. Досега ги тестиравме следните фонтови:

- LS RimAnt
- LS AlpiS
- Mac C Swiss
- Mac C Times
- M_Svoboda
- Macedonian Tms

Конверторот ќе работи и со други кирилични фонтови.

За работа на ЛС КонвертМак в4.0 потребно е да го имате на Вашиот компјутер инсталирано оперативниот систем Microsoft Windows 98 или Microsoft Windows NT 4.0 или понови верзии и поставено македонска поддршка.

### *Договор со корисникот...*

Дозвола за користење. Фирмата Логин Системи му дозволува на примачот на овој софтверски производ ограничени, неексклузивни, непреносливи и бесплатни права на користење на овој софтверски производ. Сите права за дистрибуција, копирање и користење се заштитени од страна на фирмата Логин Системи. Секое неовластено копирање или дистрибуција на овој софтверски производ е казниво според Законот за авторски права на РМ.

ВАЖНА НАПОМЕНА: ОВОЈ СОФТВЕРСКИ ПРОИЗВОД СЕ ДАВА „ТАКОВ КАКОВ ШТО Е " БЕЗ БИЛО КАКВА ГАРАНЦИЈА И ПОДДРШКА ОД БИЛО КАКОВ ВИД. ДО НАЈГОЛЕМА МОЖНА МЕРКА ДОЗВОЛЕНА СО МЕРОДАВНОТО ПРАВО, ФИРМАТА ЛОГИН СИСТЕМИ НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРНА ЗА БИЛО КАКВА СЛУЧАЈНА ИЛИ ПОСЛЕДОВАТЕЛНА ШТЕТА (ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА, НО НЕ ОГРАНИЧУВАЈЌИ СЕ НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ЗАРАДИ ИЗГУБЕНА ДОБИВКА, ПРЕКИНУВАЊЕ НА

РАБОТЕЊЕТО, ГУБЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ПОТРЕБНИ ЗА РАБОТА ИЛИ БИЛО КОЈ ДРУГ ПАРИЧЕН ГУБИТОК) КОЈ МОЖЕ ДА НАСТАНЕ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА УПОТРЕБАТА ИЛИ НЕМОЖНОСТА ЗА УПОТРЕБА НА СОФТВЕРСКИОТ ПРОИЗВОД ИЛИ ДАВАЊЕ ОДНОСНО НЕДАВАЊЕ ПОДДРШКА НА ПРОИЗВОДОТ ПА И ВО СЛУЧАЈ ФИРМАТА ЛОГИН СИСТЕМИ ДА БИЛА ИЗВЕСТЕНА ЗА ТОА ДЕКА МОЖЕ ДА НАСТАНЕ ТАКВА ШТЕТА.

### ***Инсталирање на ЛС КонвертМак...***

Инсталирањето на ЛСКонвертМак се прави на следниот начин:

- Во Windows 98/ME:

  Доколку се поставени кориснички профили за повеќе корисници, датотеката LSKonvertMak.dot се копира во

  **C:\Windows\Profiles\UserName\Application Data\Microsoft\Word\Startup**

  подфолдерот. Доколку не се поставени кориснички профили, тогаш се копира во

  **C:\Windows\Application Data\Microsoft\Word\Startup**

- Во Windows 2000/XP:

  **C:\Documents and Settings\UserName\Application Data\Microsoft\ Word\Startup**

- Во Windows Vista:

  **C:\Users\%username%\AppData\Roaming\Microsoft\Word\STARTUP**

### ***Користење...***

Постапката за користење на конверторот ЛСКонвертМак в4.0 е следната:

1. Стартувајте го Microsoft Word 97/2000/XP/2003/2007.
2. Отворете го документот што сакате да го конвертирате.
3. Од менито Tools изберете ја командата ЛС КонвертМак. Ако користите Word 2007 тогаш од менито Add-Ins изберете ја командата ЛСКонвертМак.




**Figure 1 Изглед на екран во Word XP**




**Figure 2 Изглед на екран во Word 2007**

4. Со стартувањето на оваа команда, добивате формулар во кој треба да ги внесете следните податоци: името на кириличниот фонт со кој е пишуван Вашиот документ и име на стандарден Windows фонт во кој сакате да се конвертира Вашиот документ.
5. Кликнете на копчето Конвертирај за почеток на конвертирањето.

Корисен совет  За стартување на конверторот можете да ја користите и кратенката ALT+T+K ако не Ви е резервирана оваа комбинација за други активности.

### *Дополнителни информации за Логин Системи...*

Формиран во 1991 година, Логин Системи е водечки регионален провајдер на информатичко-комуникациските решенија базирани на најголемите софтверски компании во светот (Microsoft, Symantec и McAfee), најуспешните производители за комуникациска опрема (Linksys, Nortel и Motorola) и иновативниот лидер во областа на компјутерската опрема и услугите (Hewlett-Packard, Intel, i-mate и HTC).

Дополнителни информации за фирмата Логин Системи може да добиете на:

Логин Системи, д.о.о.
ул. Прашка 23 кат 2 (зграда Машинопромет)
1000 Скопје
Тел (02) 3090-099
Факс (02) 3090-213

**http://www.loginsys.com.mk**

### *Превземање на ЛС КонвертМак...*

Ако се сложувате со одредбите на договорот кликнете на ЛСКонвертМак в4.0 за превземање на конверторот.